Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.01.2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за комуникација и транспарентност во Општина Гевгелија во 2023 година

## ВОВЕД

Комуницирањето со јавноста претставува суштински елемент во функционирањето и управувањето на секоја отворена и отчетна локална власт. Постојаната двонасочна комуникација со: граѓаните, бизнис- заедницата, медиумите, невладините организации и другите засегнати јавности е присутна во секојдневното работење на општина Гевгелија. Ваквата цел ќе се остварува преку навремено, секојдневно и отворено информирање на граѓаните за работата на Општината и нивно активно учество во процесот на креирање политики и нивно спроведување. Но, и преку целосна транспарентност на Општината и отвореност кон граѓаните.

Процесот на демократизација одамна ја наметна основната потреба од редовно и навремено информирање на граѓаните и на сите идентификувани групи од интерес на општината, за работата на Градоначалникот и на Советот на Општина Гевгелија, како и за општинската администрација и сервисот на услуги кои ги нуди. Добрата и навремена информираност на граѓаните за работата на Општината и нејзините услуги ќе придонесат кон зајакнување на комуникацијата помеѓу Општината и граѓаните, но и преку поголемо учество од страна на граѓаните во донесувањето на одлуките од страна на надлежните општински органи.

Во таа насока, граѓаните на општина Гевгелија ќе бидат консултирани за сите поголеми проекти преку: анкети, јавни трибини и собири. Посебно, кога станува збор за стратешките документи, како што се Буџетот на Општина Гевгелија, развојните програми и стратегиите за развој.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНИКАЦИЈА

**Општа цел:**

Да се одржува редовна и навремена комуникација со јавноста, да се обезбеди целосна транспарентност и да се зајакнат капацитетите во Општината.

Континуирано работење врз подобрувањето на потенцијалите на човечките ресурси и техничките капацитети на Општината, кои се неопходни за остварување на комуникацијата со јавноста.

**Специфични цели:**

- Зголемено ниво на информирање на сите целни групи и нивно подобро запознавање со работата и резултатите од работата на Општината;
- Подобрување на квалитетот на општинските комуникациски капацитети;
- Доследна примена на Прирачникот за квалитет на услугите како предуслов за примена на 9001:2015 стандардот;
- Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки;
- Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност на вработените.

## ПРИНЦИПИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Во процесот на спроведување на Програмата за комуникација и транспарентност, Општина Гевгелија ќе се придржува кон следниве принципи на комуникација:

- Комуникацијата ќе биде составен дел од сите активности на општината;
- Процесот на комуникација ќе биде јасен и разбирлив;
- Комуникацијата ќе биде навремена, отворена и чесна;
- Работењето на Општината – органите на локалната самоуправа и на Општинската администрација ќе биде целосно транспарентно;
- Информациите ќе бидат достапни до сите;
- Комуникацијата ќе биде двонасочна меѓу Општината и сите целни групи.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

**- Граѓаните на општина Гевгелија**

Општината редовно ќе ги информира граѓаните за своите активности со цел да ја зголемува транспарентноста за својата работа, но и да ги поттикне граѓаните за поголема вклученост во нејзината работа во сегментите каде тоа се очекува од нив;

**- Урбани и месни заедници**

Како основна форма за здружување на гражаните;

**- Медиуми** (локални и национални)

Општината ќе се залага за активна транспарентност преку медиумите со тоа што постојано ќе пласира информации од секојдневните активности и случувања во општина Гевгелија, со цел граѓаните од општината и пошироко да имаат редовен прилив на информации;

**- Бизнис- заедница**

Општината ќе одржува постојан контакт и ќе ја информира бизнис-заедницата за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и јавно-приватно партнерство за унапредување на локалниот економски развој;

**- Потенцијални инвеститори**

Општината редовно ќе ги информира потенцијалните инвеститори за своите активности, проекти и можности за вложување со цел да привлече капитал за реализицијата на проекти и да придонесе за локален еконосмки развој;

**- НВО сектор**

Општината ќе ги информира Невладините организации за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и заеднички проекти од интерес за развојот на општината;

**- Општинска администрација**

Општината ќе ги унапредува формите на внатрешна комуникација меѓу вработените; .

**- Млади**

Младите, како носители на идниот развој на општината, ќе бидат вклучени во работата на Општината преку разни форми и програми за афирмација на нивното творештво, а истовремено преку редовна комуникација со Агенцијата за вработување ќе се поддржуваат и афирмираат програмите и проектите за вработување на младите;

**- Туристички организации**

Туризмот како еден од правците за развој на Општина Гевгелија налага потреба за редовна комуникација со туристичките субјекти за збогатување на туристичката понуди на локално ниво, воспоставување поголема комуникација со општинската туристичка организација и мапирање на општина Гевгелија на европската туристичка карта.

**- Збратимени градови**

Општината ќе одржува постојана комуникација со градовите со кои има потпишано меморандум за збратимување, со цел запознавање на јавноста на тие градови со можностите за инвестирање во општина Гевгелија, како и заедничко учество во европските проекти за прекуграничната соработка и друѓи меѓународни програми.

**- Донатори**

Општината редовно ќе ги информира меѓународните организации и донатори за своите активности, реализирани проекти и потреби со цел да стимулира поддршка за следни активности и потреби;

**- Маргинализирани групи**

Општината преку различни форми ќе одржува комуникација со ранливите категории граѓани, како што се децата со посебни потреби, социјално загрозените лица и други социјални групи за подобрување на нивниот статус, услови за живеење и остварување на основните човекови права.

**- Земјоделци**

Иако единиците на локалната самоуправа немаат директна надлежност во земјоделието, Општина Гевгелија ќе наоѓа начини за одржување комуникација и стимулирарање на земјоделското прозиводство.

## АЛАТКИ И НАЧИНИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Општина Гевгелија ќе ги користи сите расположливи алатки за комуникација. Меѓу кои:

**- WEB страница**

Електронска платформа за поголема информираност и интерактивна комуникација со граѓаните, како и за испитување на јавното мислење.

**- Систем 48**

Електронската платформа за пријавување и решавање на барањата од граѓаните

**- Месечен весник**

„Гевгелиски Магазин“, излегува еднаш во месецот и информира за активностите на Општината и актуелните настани и теми во Општина Гевгелија.

**- Е-билтен**

Се подготвува и излегува во електронска форма секојдневно, а известува за активностите на и во локалната самоуправа.

**- Емитување на седниците на Советот на Општината**

Седниците на Советот на Општината се пренесуваат на веб-страната на Општината и преку електронските медиуми;

**- Публикации**

Се изработуваат по одредени тематски содржини кои помагаат во профилирањето и промовирањето на Општината во пошироката јавност;

**- Флаери/брошури**

Се изработуваат по потреба, тематски, за промовирање на Општината за туристички, културни, стопански и други цели. Но, и за потребите на медиумски кампањи за одредени акции (поефикасна наплата на општинските даноци, Систем 48, легализација на дивоградбите, еко-активности и сл.)

**- Анкети**

Се организираат по потреба заради мерење на квалитетот на услугите и задоволството на граѓаните од нив.

**- Прес-конференции**

Се организираат по потреба кога Градоначалникот, претседателот на Советот на Општината, лицето одговорно за комуникација со јавноста на Општината или раководителите на секторот/одделенијата имаат да соопштат одредена информација до јавноста или по повод одржувањето на традиционалните манифестации.

**- Изјави за медиумите**

Една од најчесто користените алатки за комуникација со граѓаните преку медиумите. Изјавите се даваат кога Општината има активности од различни области и по барање на медиумите кога обработуваат теми за локалната самоуправа.

**- Соопштенија за јавноста**

Известувања до граѓаните преку кои се пренесуваат кратки писмени информации со различна содржина, од делокругот на работењето на општината.

**- Интервјуа**

Периодично гостување на Градоначалникот на општината на локалните и националните медиуми заради информирање на граѓаните со значајни прашања и теми од работењето на локалната самоуправа.

**- Брифинзи за новинарите**

Се организираат редовни средби со новинарите за запознавање со реализацијата на одделни капитални проекти и активности.

**- Огласи**

На локалните и националните медиуми се емитуваат огласи поврзани со јавните набавки, лицитации на земјиште и други активности на Општината врз основа на тендерски постапки или договори за соработка.

**- Е- пошта**

Преку официјалните е-маил адреси на Општината на граѓаните им е овозможена редовна комуникација со Општинската администрација и дадена можност со свои предлози и сугестии да учествуваат во донесувањето на одлуки во Општината.

**- Настани/Средби**

Се организираат за комуникација со заинтересирани, но и со специфични целни групи (бизнис-заедница, НВО, лица со посебни потреби, социјални групи, млади).

**- Огласна табла**

На огласната табла се објавуваат огласи и соопштенија наменети за граѓаните, како и за вработените во Општинската администрација.

## КРИЗНА КОМУНИКАЦИЈА

Кога редовната комуникација е оневозможена од какви и да е причини и се создаваат вонредни услови, настапува комуникација во услови на криза.

Ваквата настаната состојба ја проценува Градоначалникот, кој во услови на кризна ситуација ја координира комуникацијата со јавноста.

Комуникацијата во кризна состојба се спроведува согласно законски донесените акти за дејствување во настанатата состојба.

## РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата ќе се користат сите расположливи ресурси во Општина Гевгелија.

Заради редовно информирање и унапредување на комуникацијата, потребно е да се алоцираат и дополнителни ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| | **Активност** | **Буџет** |
|---|---|---|
| 1 | Снимање и емитување седници во живо на Совет на Општина Гевгелија и на работните тела | 1.100.000 ден. |
| 2 | Набавка на дневни и неделни весници и електронски изданија | 200.000 ден. |
| 3 | Подготовка, дизајн и печатење „Гевгелиски магазин“, печатење и издавање на публикации | 70.000 ден. |
| 4 | Изработка на веб-страна на Општина Гевгелија | 30.000 ден. |
| 5 | Подготовка, дизајн и печатење брошура за Гевгелија | 10.000 ден. |
| 6 | Огласи, објави, закуп на печатен и електронски простор | 70.000 ден. |
| 7 | Медиумска промоција на општината | 20.000 ден. |
| вкупно | | **1.500.000 ден.** |

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со надлежните раководители на одделенија и државни службеници, а под раководство на Градоначалникот на општината. Согласно потребите, за реализација на активностите од Програмата ќе бидат издвоени средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година во висина од 1.500.000 ден. (Програма Е0 Општинска администрација).

## МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ

Остварувањето на Програмата ќе се следи секојдневно, како што се спроведуваат планираните активности.

Оценувањето на спроведувањето ќе се прави редовно, најмалку еднаш месечно.

Ќе се спроведува квалитативно и квантитативно мерење на резултатите, според индикаторите од планот за спроведување на активностите.

По потреба, Програмата ќе се ажурира, а во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Бр.09-169/1
30.01.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**
с.р.